**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-1744/50
Датум: 27.6.2012 г.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 45 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, на предлог од Деканатската управа утврден на седница одржана на 26.6.2012 година Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 27.6.2012 г. донесе

# ОДЛУКА

за роковите за одбрана на магистерски труд

1. Се утврдува **15.9.2013** година како краен рок за одбрана на магистерските трудови од студентите на втор циклус на студии запишани на Факултетот за електротехника и информациски технологии во учебната 2008/2009 година.
2. Студентите од точка 1 на оваа одлука кои пријавиле тема за изработка на магистерски труд и во рокот утврден со точка 1 истиот не го одбранат, должни се при повторната пријава на тема да платат 20 кредити.
3. Студентите од точка 1 на оваа одлука кои нема да пријават тема за изработка на магистерски труд и истиот не го одбранат во рокот утврден со точка 1 од оваа одлука должни се при пријавата на тема да платат двоен износ, односно 40 кредити.
4. Одлуката да се достави до: Управата, Службата за студентски прашања, продеканот за настава, секретарот, веб страницата на ФЕИТ и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н

Проф. д-р Миле Станковски

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Факултет за електротехника и информациски технологии Република Македонија СКОПЈЕ